# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИ ТЕРЕНСКИ ИСТРАЖУВАЧИ ЗА МАПИРАЊЕ НА ПОТРЕБИ ЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

## ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

## „ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА МЛАДИ”

Јули 2023

**Коалицијата на младински организации СЕГА за потребите од спроведување на проектот „Граѓанското општество во унапредување на регулативата за млади“, поддржан од регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, објавува јавен повик за организации за пријавување на Регионални теренски истражувачи за мапирање на потреби за интервенција на Законот за младинско учество и младински политики**

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Проектот „**Граѓанското општество во унапредување на регулативата за млади**“ има за **цел** граѓанскиот сектор активно да се застапува за унапредување на постојната законска регулатива за младинско учество, со што ќе се придонесе кон зајакнување на улогата на граѓанското општество за суштинско и транспарентно учество во процесите на донесување на одлуки и креирање политики.

Акцијата ќе започне со анализа на Законот за младинско учество и младински политики и ќе се мапираат потребите за интервенција за ефикасна примена на Законот. Во следната фаза ќе се пристапи кон национална кампања за јавно застапување на потребата од унапредување на Законот за младинско учество и младински политики, за во последната фаза да заврши со развивање на Предлог Закон за измени и дополнување на ЗМУМП[1] кој ќе биде доставен до Собранието, Владата и Агенцијата за млади и спорт.

**Резултати на проектот**: [1] Идентификувани потреби за интервенции за ефикасна примена на Законот за младинско учество и младински политики; [2] Зајакната свеста кај донесувачите на одлуки и јавноста за потребата од унапредување на примената на Законот за младинско учество и младински политики; [3] Развиен предлог Закон за измени и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики преку широк консултативен процес.

**Целни групи**: [а] Млади на возраст од 15 – 29 години: средношколци, студенти, невработени млади, членови на локални младински совети; [б] Форми на младинско организирање: младински организации, организации за млади и младински чадор организации; [в] Службеници за млади; [г] Пратеници во Собрание на РСМ - со фокус на пратениците кои се дел од Клубот за младински прашања и политики.

Проектот го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА во период од 16 месеци (09.06.2023 - 08.10.2024 година) со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институт за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

[1] Закон за младинско учество и младински политики, Службен В. на Р.С.М. бр: 10/2020 од 16.01.2020 година

## 2. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

За потребите од мапирање на потребите за интервенција за ефикасна примена на Законот за младинско учество и младински политики, Проектот ќе ангажира 8 регионални теренски истражувачи (по еден од секој плански регион), номинирани од младински организации, организации за млади, младински чадор организации и/или граѓански организации.

Регионалните теренски истражувачи ќе спроведуваат теренско прибирање на податоци и ќе бидат одговорни за промоција на онлајн анкета, да спроведат регионални фокус групи и интервјуа со донесувачи на одлуки.

Во процесот на прибирање на податоци ќе се опфатат млади на возраст од 15 - 29 години, граѓански организации, службеници за млади и донесувачи на одлуки.

Методологијата и инструментите за прибирањето на податоци ќе бидат подготвени од експерт/ка истражувач селектиран/а по пат на јавен повик.

Сите селектирани регионални теренски истражувачи ќе имаат задолжителна еднодневна онлајн обука, во средината на месец август 2023 година.

Ангажираниот експерт/ка ќе ја има главната улога во координација на процесот на прибирање и анализа на податоци.

## 3. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Селектираните регионални теренски истражувачи ќе ги имаат следниве задачи:

[1] Промоција на онлајн анкета -

- Да обезбедат најмалку 80 испитаници од регионот за кој ќе бидат селектирани, на возраст од 15 - 29 години кои ќе одговорат на онлајн анкетата

Главниот истражувач / експерт ќе го дефинира прашалникот кој ќе биде поставен на платформата SurveyMonkey. Дополнително, ќе го дефинира примерокот (пол, возраст, и сл.) кој ќе биде вклучен во финалниот опис на работни задачи за секој регионален теренски истражувач. Насоки за промоцијата на онлајн анкетата селектираните регионални теренски истражувачи ќе добијат на еднодневна онлајн обука (во средината на месец август 2023).

[2] Интервјуа со службеници за млади и донесувачи на одлуки -

- Да закажат и спроведат по најмалку 2 интервјуа со службеници за млади и/или донесувачи на одлуки од Единиците на Локална Самоуправа во нивниот регион.
- Да подготват извештај за секое интервју

[3] Регионални фокус групи -

- Да поканат и обезбедат учесници од регионот за учество на регионална фокус група
- Да организираат една регионална фокус група со млади, граѓански организации и донесувачи на одлуки на која ќе се дискутираат предизвиците од примената на ЗМУМП и идеи за унапредување на суштинското вклучување на младите во процесите на донесување одлуки
- Да подготват извештај од фокус група

Методологијата и инструментите ќе бидат развиени од главниот истражувач, а насоките ќе бидат обезбедени за време на еднодневната онлајн обука.

## 4. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА РЕГИОНАЛНИ ТЕРЕНСКИ ИСТРАЖУВАЧИ

- Минимум средно образование
- Да се во тесна врска со младинска организација, организација за млади, младинска чадор организација или граѓанска организација (вработен, волонтер, долгорочен соработник)
- Искуство во спроведување на теренски истражувања
- Искуство во работа со млади, младински организации и соработка со институции
- Одлични фасилитаторски и комуникациски вештини

Предност во процесот на селекција ќе имаат:

- Организации членки на Коалиција на младински организации СЕГА
- Сертифицирани Работници со млади (или сертификација во процес)
- Претходни соработници на СЕГА во спроведување на теренски истражувања

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Регионалните теренски истражувачи кои ќе бидат ангажирани за мапирање на потреби за интервенција на Законот за младинско учество и младински политики на регионално ниво ќе треба да ги спроведат работните задачи во рамки на **4 работни дена** во периодот 15 август - 20 септември 2023 година со следната динамика:

| **Опис на задача** | **Број на денови** | **Период на испорака** |
|---|---|---|
| 0. Учество на еднодневна онлајн обука | 0 | Август 2023 |
| 1. Промоција на онлајн анкета | 1,5 | 15 Август - 20 септември 2023 |
| 3. Подготовка, спроведување и извештај за Интервјуа со службеници за млади и донесувачи на одлуки | 1 | 20 август - 10 септември 2023 |
| 4. Подготовка, спроведување и извештај за Регионална фокус група | 1,5 | 01 - 15 септември 2023 |

За секој работен ден предвиден е надоместок од **120 евра во бруто износ** кои ќе бидат исплатени во денарска противвредност по завршување на задачите (по завршен и одобрен продукт, доставена временска табела и Изјава за извршена работа) во согласност со предвидените работни денови.

Плаќањето ќе се врши на: сметка на организацијата или на сметка на теренскиот истражувач.

## 6. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е **јавен**.

На повикот може да се аплицираат младински организации, организации за млади, младински чадор организации и други граѓански организации, со лице кое директно е поврзано со работата на организацијата - вработен, волонтер или долгорочен соработник, за регионален теренски истражувач.

Пријавувањето на повикот е со пополнување на пријавата на следниов линк:
https://bit.ly/istrazuvaci

**Во електронската форма за пријавување организациите ќе треба да прикачат и:**

1. Професионална биографија (CV) на лицето кое се пријавува за регионален теренски истражувач
2. Писмо за номинација на лицето кое се пријавува за регионален теренски истражувач со потпис на законскиот застапник и печат од организацијата
3. Писмо за интерес на лицето кое се пријавува за регионален теренски истражувач

**Краен рок за доставување на апликациите е 10 август 2023 година, најдоцна до 16:00 часот.**

Пристигнатите апликации ќе бидат евалуирани од страна на стручна комисија основана од Коалиција СЕГА.

Апликантите ќе бидат информирани за статусот на нивната апликација.

За прашања поврзани со повикот може да нè контактирате на е-маил адреса: aplikacija@sega.org.mk, најдоцна до 04.08.2023 година.

Организациите кои ќе се пријават на овој повик ќе бидат поканети за поддршка на Кампањата за застапување за измени и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики.